SHAPING BRIMBANK

Brimbank City Council

## Вашата визија на Brimbank

**Благодариме за вашето интересирање да му помогнете на Brimbank City Council да ги оформи нашата 2040 Community Vision (Визија на заедницата до 2040 година) и нашиот 2021 – 2025 Council Plan (Општински план 1021- 2025).**

Секои четири години, покрај изборите за нов Општински совет, Brimbank Council се ангажира со нашата заедница да состави нов Општински план. Исто така ја преразгледуваме Community Vision 2040 каде е претставено како вие сакате Brimbank да биде во иднина.

## Каде одиме

Во текот на април и мај 2021 ние бараме мислења од вас преку писма, по интернет, лично и на дигитални работилници, за да провериме дали 2040 Community Vision што вие сте ја создале е сè уште вистинската визија за нашата заедница.

Истовремено, го подготвуваме нашиот Општински план за 2021-2025 година. Нашиот Општински план за јавно здравје и добросостојба (Municipal Public Health and Wellbeing Plan) ќе го вклучиме во нашата Визија и во Општинскиот план.

Еве како се спојуваат Визијата и Општинскиот план:



Community Vision 2040 › Council Plan 2021 - 2025 › Strategic Directions (Стратегиски правци) 2021 - 2025

## Како стасавме тука

Визијата 2040 ја создадовте вие и други жители и бизниси во Brimbank во 2018 година. Вкупно, повеќе од 1.000 лица и 20 организации помогнаа да се создаде Визијата 2040. Во изминатите 18 месеци беа одржани и следните консултации, со анализа на податоци заради планирање и креирање политика.

**Brimbank Community Vision 2040**

Консултирани повеќе од **1,000 лица и 20 организации**

**Јакнење на Ангажирање на заедницата во Градење на Brimbank во 2019**

Општината доби над **1,400 придонеси** од разни извори, вклучувајќи спонтани информативни сесии на пазарот во Саншајн, анкети во заедницата и коментари во социјалните медиуми.

**Културна стратегија на Brimbank (2018 - 2022)**

**350 лица** имаа директен придонес во стратегијата преку анкети, работилници и разговори.

**Стратегија на Brimbank за децата 2020-2024**

Општината се советуваше со повеќе од **350 деца во градинки** и училишта, во мали групи и во работилници; 82 родители и негуватели исто така дадоа свој придонес.

**Стратегија на Brimbank за младите 2020-2024**

Ангажирани и консултирани повеќе од **300 млади луѓе** на различни места и на разни начини.

**План на Brimbank за град пријатен за стари лица 2017-2021**

Во консултациите за овој план беа вклучени **735 лица и организации.**

**Индустриска анализа на Brimbank City Council и Акционен план за развој на кластери 2019**

Серија анкети и разговори со бизниси

**Безбеден и сеопфатен Brimbank 2020-2024**

Анкета на жители и посетители на Brimbank и ангажирање со заедницата за време на спонтан настан во врска со безбедноста на заедницата одржан на железничката станица во Саншајн.

**400 жители** учествуваа во анкетата за чувството на задоволство во заедницата, организирана од Општината во 2019/2020.

**Brimbank Neighbourhood Houses и Стратегија за центри на заедницата (2019-2024)**

Консултации со **269 лица** при подготвувањето на стратегијата.

**Бизнис анкета на Одделот за економски развој на Brimbank 2020**

Анкета на **249 бизниси** од производството, здравството, трговијата и службите за сместување и исхрана

**Анкета на заедницата Brimbank - Влијанието на КОВИД-19 врз здравјето и добросостојбата – октомври 2020**

Телефонска анкета на **135** жители на **Brimbank**

**Анализа на влијанието на BCC (Февруари 2021)**

Анкети на **81** организации за **поддршка во Brimbank** и разговори со **20 BCC** тимови

**Останување во врска – Искуства на корисниците на BCC службите – октомври 2020**

Директен придонес добиен од **310 корисници на нашата** служба - од рано детство и млади, со стареење и вклученост, уметност, култура и разонода.

## Процена на бројот на жители на Brimbank

> Се проценува дека во 2019 година City of Brimbank имал **209,523** жители

## Број на жители по возраст






**48%**

од жителите на Brimbank се родени во странство



**75%**

од жителите се идентификуваат со некоја вера или религија



**58%**

од жителите на Brimbank дома зборуваат јазик што не е англиски

Во Brimbank се зборува на повеќе од

**160**

различни јазици

## 10 јазици што најчесто се зборуваат дома

- Виетнамски
- Пенџаби
- Филипински/Тагалог
- Грчки
- Малтески
- Италијански
- Македонски
- Арапски
- Кантонски
- Хрватски

Меѓу поновите јазици чиј број се зголемува се и хака, харари, персиски и тегулу.



**816**

жители се идентификуваат како домородни



**втора општина**

во најнеповолна положба во поширокото подрачје на Мелбурн

## Наша Визија 2040

Визијата на заедницата покажува каде сме денес и каде, колективно, сакаме да се најдеме. Општината се обврза да ја преразгледа оваа визија во 2021 година, што сега го правиме низ овој процес.

### Наша Визија 2040:

*„До 2040 година, заедницата Brimbank ќе биде здрава и безбедна, а ние ќе бидеме обединети низ чувството на припадност и гордост.*

*Нашата општина ќе биде сеопфатна, отпорна, иновативна и исполнета со живот, а нашите луѓе рамномерно ќе ги споделуваат напредокот и можностите на општината.*

*Природната средина ќе биде заштитена и подобрена, а разнолични соседства и населби на Brimbank на сите ќе им понудат понешто.“*

Оваа визија е потпрена врз три стратегиски правци (луѓето, местото, напредокот) како што е прикажано на следната страница.

## Што рековте порано

### Визија 2040 и нејзините стратегиски правци

**Луѓе**

| Стратегиски правци | Аспирации на заедницата во 2040 |
| --- | --- |
| Здрави начини на живеење | Заедницата е здрава и активна |
| Услуги и објекти | Службите и објектите се приспособуваат на потребите на заедницата |
| Култура и разноличност | Brimbank е исполнет со живот и е призната културна престолнина |
| Безбедност | Заедницата се чувствува безбедна и незагрозена |

**Место**

| Стратегиски правци | Аспирации на заедницата во 2040 |
| --- | --- |
| Движење | Сите видови на превоз се меѓусебно поврзани и достапни |
| Јавни простори | Јавните простори и уредувањето на улиците покажуваат квалитетно урбано планирање, достапни се за сите, чисти и добро одржувани |
| Природна средина | Заедницата ќе живее одржливо и ќе биде ангажирана во здрава и заштитена природна средина |

**Напредок**

| Стратегиски правци | Аспирации на заедницата во 2040 |
| --- | --- |
| Образование и вработување | Секој има пристап до образование, обука и учење во текот на целиот живот, за да го поддржи неговото/нејзиното учење и аспирации за вработување |
| Локална економија | Brimbank е голем центар за вработување, иновации и инвестирање |
| Домување | Домувањето ги задоволуват потребите на различни луѓе во заедницата Brimbank |

## Нашиот Општински план 2021 – 2025

Секои четири години Општината прави нов план за работа – нашиот Општински план. Тука ја претставуваме нашата визија за вашиот следен општински план (2021-2025) и стратегиските правци за кои веруваме дека ќе ни помогнат да стасаме таму.

Можете да видите дека стратегиските правци што ги предлагаме за нашиот општински план се слични на стратегиските правци во нашата Визија 2040. Предлагаме да додадеме „Раководење и управување", со што се покажува важноста Општинскиот совет да работи на највисоко ниво на транспарентност и одговорност, и се признава нашата улога во претставувањето на други нивоа на власта.

Општинскиот план ќе ни помогне да работиме на нашата Визија 2040, па затоа вашите коментари се навистина многу важни.

### Визија на Општинскиот план

**Трансформиран Brimbank кој е убав, се развива, е здрав и е добро поврзан**

| | |
| --- | --- |
| Места и простори | Можност и напредок |
| Луѓе и заедница | Раководење и управување |

# Општински план и Стратегиски правци 2021-2025

Низ нашето ангажирање, сакаме да ги истражиме следните прашања:

- Дали се согласувате со визијата на нашиот Општински план?
- Дали се согласувате со нашите Стратегиски правци?
- Кои се вашите надежи и приоритети за Brimbank?

## Визија на Општинскиот план

## Трансформиран Brimbank кој е убав, се развива, здрав и со добри врски

### Стратегиски правци — Места и простори

Место што е пријатно за живеење и со добри врски, зелено и одржливо

**Стратегиска цел**

**Место пријатно за живеење и со добри врски**

**Привлечни простори и објекти пријатни за живеење, и со добри врски, за луѓето да можат да се движат**

*Дрвја, разни отворени простори, разубавување, достапни и разнолични опции за домување, безбедност, осветлување, патеки (пешачки и за велосипеди), паркови, игралишта, јавни тоалети, улици, паркинзи, проточност на сообраќајот, превоз*

**Стратегиска цел**

**Одржлив и зелен**

**Природна околина што е заштитена сега и подобрена во иднина**

*Климатски промени, циркуларна економија, одржливи бизниси, природа, ливади, комунални објекти, соларна енергија, биолошка разновидност, менаџирање на отпад, одржливост на природната средина и почитување на правилата, ѓубре, квалитет на воздухот*

### Стратегиски правци — Можност и напредок

Трансформиран град во кој сите имаат можности да учат и да заработуваат

**Стратегиска цел**

**Растечки и трансформиран**

**Бизниси и организации со способности за во иднина**

*Туризам, поддршка на бизниси заради закрепнување од КОВИД, унапредување на бизнисот, железничка линија до аеродромот, трансформирање на Brimbank, разновидна трговија, привлекување на бизнисот, социјално претприемништво, ноќна економија*

**Стратегиска цел**

**Заработување и учење**

**Повеќе работодавци ги поддржуваат локалните луѓе, а вештини и учењето се достапни**

*Вработување на млади, работа за луѓето најизложени на ризик (културолошки и јазично разнолични, жени, лица со попреченост), дигитална пристапност, поддршка на образованието и вработувањето, доброволна ангажираност, развој на способности, финансиска писменост*

### Стратегиски правци — Луѓе и заедница

Прекрасно место за сите, каде луѓето се чувствуваат добредојдени и поддржани, и дека припаѓаат.

**Стратегиска цел**

**Припаѓање и учество**

**Ментална и физичка добросостојба, самостојност и безбедност**

*Семејства, деца, млади, безбедност, родова рамноправност, исхрана, спречување на криминал, спречување на семејното насилство, сексуално и репродуктивно здравје, ментално здравје, закрепнување од КОВИД, бегалци и азиланти, стари лица и попреченост, коцкање, партнерства за унапредување на здравјето, социјални врски за луѓето кои живеат сами*

**Стратегиска цел**

**Гордост и добросостојба**

**Општествено, културно и уметничко изразување**

*Уметност и култура, култура и историја на Абориџините и на луѓето од островите во Теснецот Торес, разноличност, меѓукултурно споделување, настани и активности, служби за домување, пристап до технологија и ангажирање*

### Стратегиски правци — Раководење и управување

Организација која ја става заедницата во центарот на одлучувањето, дава висококвалитетни услуги и ја застапува заедницата

**Стратегиска цел**

**Приспособлива и ангажирана**

**Ги цени погледите на нашата заедница и ја поддржува во поврзувањето и ангажирањето со Општината**

*Ангажирана заедница, информирана заедница, одговорно одлучување, ангажирање со различни заедници*

**Стратегиска цел**

**Со високи резултати и одговорна**

**Надгледува и известува за работата на организацијата и испитува иновативни решенија за службите со цел да го подобри нашето работење**

*Финансиски одржлива, иновации, дигитално оспособена, визионерска*